Grant Thornton

Здружение на граѓани
СОС-ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-204
22.05 2018 год.
Скопје

# Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

## СОС Детско село, Македонија

31 декември 2017 година

# Содржина


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 |
| Биланс на состојба | 3 |
| Извештај за финансиските активности | 5 |
| Извештај за промените во акумулираните фондови | 7 |
| Движење на рестриктивните фондови | 7 |
| Извештај за паричните текови | 8 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 9 |
| Анекс 1 - преглед на основни средства на 31.12.2017 година - земјиште и згради | 24 |

# Извештај на независниот ревизор

Grant Thornton DOO
Sv. Kiril i Metodij 52b/1-20
1000 Skopje
Macedonia

T +389 2 3214 700
F +389 2 3214 710
E Contact@mk.gt.com
www.grantthornton.mk

До Раководството на
СОС Детско село, Македонија

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на СОС Детско село, Македонија (во понатамошниот текст „Ентитетот"), составени од Биланс на состојба на ден 31 декември 2017 година, и Извештај за финансиските активности, Извештај за промените во акумулираните фондови и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки информации, вклучени на страните 3 до 23.

*Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации и сметководствените политики опишани во Белешките кон финансиските извештаи, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди во Република Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

---

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Ентитетот со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Ентитетот.

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на СОС Детско село, Македонија на 31 декември 2017 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации и сметководствените политики опишани во Белешките кон финансиските извештаи.

Скопје,
17 мај 2018 година

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Директор
Сузана Ставриќ

Овластен ревизор
Сузана Ставриќ

# Биланс на состојба

во илјади денари

| СРЕДСТВА | Белешки | 31.12.2017 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 2.1 | 1.246 | 1.312 |
| Земјиште, згради, опрема | 2.2 | 117.517 | 115.357 |
| Инвестициски средства | 2.3 | - | - |
| Останати долгорочни финансиски средства | | - | - |
| Вложувања во хартии од вредност | | - | - |
| Биолошки средства | | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | | **118.763** | **116.669** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залиха на стоки | 2.4 | 476 | 420 |
| *Побарувања* | | | |
| Побарувања од купувачите | 2.5 | 389 | 536 |
| Останати краткорочни побарувања | 2.5 | 451 | 1.275 |
| Претплата за даноци | 2.7 | 15 | 61 |
| Останати побарувања | 2.5 | - | - |
| | | *855* | *1,872* |
| Пари и парични еквиваленти | 2.6 | 37.446 | 35.528 |
| Останати краткорочни финансиски средства | | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **38.777** | **37.820** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **157.540** | **154.489** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Акумулирани фондови** | | | |
| Акумулиран фонд (Капитал) | | 142.319 | 135.960 |
| **Вкупно акумулирани фондови** | | **142.319** | **135.960** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Средства во доверба | 2.8 | 5.158 | 5.696 |
| Долгорочни резервирања | 2.9 | - | - |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **5.158** | **5.696** |

**Биланс на состојба (продолжува)**

| | Белешки | 31.12.2017 | во илјади денари 31.12.2016 |
|---|---|---|---|
| **Тековни обврски** | | | |
| Потенцијални обврски | | - | - |
| Одложени приходи | 2.11 | 172 | 80 |
| Рестриктивни фондови | | 5.033 | 10.083 |
| *Останати тековни обврски* | | | |
| Обврски кон добавувачите | 2.10 | 1.692 | 673 |
| Останати краткорочни обврски | 2.10 | 2.542 | 1.783 |
| Обврски за даноци | 2.10.1 | 624 | 214 |
| Обврски кон вработените | 2.10.2 | - | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.063** | **12.833** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **157.540** | **154.489** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од раководството на СОС Детско село, Македонија на 28 февруари 2018 година и потпишани од:

| Г-ѓа Јулијана Накова Гапо<br>Директор на Здружение „СОС Детско село Македонија“ | Г-ѓа Александра Ивановски<br>Директор на приватна установа „СОС Детско село Скопје“ | Г-ѓа Снежана Серафимовска<br>Финансиски менаџер |
|---|---|---|

# Извештај за финансиските активности

| во илјади денари | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2017 | | | 2016 |
| ПРИХОДИ | Беле-шки | Нерес-триктив-ни фондови | Рестрик-тивни фондови | Вкупно | Нерес-триктивни фондови | Рестрик-тивни фондови | Вкупно |
| **Приходи од странство** | | **75.454** | **35.797** | **111.251** | **63.362** | **30.682** | **94.044** |
| Приходи од странство за тековни трошоци | 3.1.1 | 75.454 | 35.797 | 111.251 | 63.362 | 18.814 | 82.176 |
| Приходи од странство за градба | 3.1.2 | - | - | - | - | 11.868 | 11.868 |
| **Локални приходи** | | **8.204** | **7.955** | **16.159** | **12.448** | **19.789** | **32.237** |
| Локални приходи од собирање парични средства (fund raising) | 3.2 | 4.420 | - | 4.420 | 7.163 | - | 7.163 |
| Локални приходи од државни субвенции и грантови | 3.3 | 3.126 | 7.955 | 11.081 | 4.841 | 19.789 | 24.630 |
| Локални приходи од оперативни активности | 3.4 | - | - | - | - | - | - |
| Останати локални приходи | 3.5 | 658 | - | 658 | 444 | - | 444 |
| **Вкупно приходи** | | **83.658** | **43.752** | **127.410** | **75.810** | **50.471** | **126.281** |
| **ТРОШОЦИ** | | | | | | | |
| Програмски/про-ектни трошоци | 3.6 | (64.059) | (34.881) | (98.940) | (96.635) | (27.001) | (123.636) |
| Административни трошоци | 3.7 | (14.808) | (6.031) | (20.839) | (13.473) | (7.612) | (21.085) |
| Трошоци за собирање средства (fund raising) | 3.8 | (2.363) | - | (2.363) | (1.536) | - | (1.536) |
| Останати трошоци | 3.9 | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно трошоци** | | **(81.230)** | **(40.912)** | **(122.142)** | **(111.644)** | **(34.613)** | **(146.257)** |
| Пренесени средства – вишок од претходна година | | 18.958 | - | 18.958 | 39.887 | - | 39.887 |
| **Нето суфицит/(дефицит од оперативни активности** | | **21.386** | **2.840** | **24.226** | **4.053** | **15.858** | **19.911** |

Извештај за финансиските активности (продолжува)

| Во илјади денари | | 2017 | | | 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Беле-шки** | **Нерестрик-тивни фондови** | **Рестриктивни фондови** | **Вкупно** | **Нерестрик-тивни фондови** | **Рестриктивни фондови** | **Вкупно** |
| **Приходи/расходи од финансиски активности** | | | | | | | |
| Приходи од камата | 3.10 | 3 | - | 3 | 3 | - | 3 |
| Банкарска провизија | 3.10 | (415) | - | (415) | (391) | - | (391) |
| Други финансиски приходи (расходи) | 3.10 | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики | 3.10 | (211) | - | (211) | (221) | - | (221) |
| **Вкупно финансиски приходи/расходи** | | **(623)** | **-** | **(623)** | **(609)** | **-** | **(609)** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | | **20.763** | **2.840** | **23.603** | **3.444** | **15.858** | **19.302** |
| Даночен расход | 3.11 | **(435)** | **-** | **(435)** | **(432)** | **-** | **(432)** |
| **Нето добивка/загуба по оданочување** | | **20.328** | **2.840** | **23.168** | **3.012** | **15.858** | **18.870** |

# Извештај за промените во акумулираните фондови

| | | | во илјади денари |
|---|---|---|---|
| **Акумулирани фондови** | **Белешка** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
| **Нерестриктивни** | | | |
| **01.01** | | **135.960** | **142.554** |
| Набавки на материјални и нематеријални средства | | 6.377 | 18.179 |
| Амортизација, ревалоризација | | (4.283) | (3.862) |
| Движење на залихата на стоки/производи | | (33) | 106 |
| Отписи | | - | - |
| Добивка/загуба за претходна година | | (18.870) | (39.887) |
| Добивка/zагуба на годината | | 23.168 | 18.870 |
| Корекција на почетното салдо | | - | - |
| Нето трансфер од рестриктивни фондови | | - | - |
| **31.12** | | **142.319** | **135.960** |
| | | | |
| **Рестриктивни** | | | |
| **01.01** | | **10.083** | **7.041** |
| Примени средства | | 35.698 | 53.127 |
| Потрошени средства | | 40.748 | 50.085 |
| Нето трансфер во нерестриктивни фондови | | - | - |
| **31.12** | | **5.033** | **10.083** |
| **Вкупно акумулирани фондови со рестриктивни фондови** | | **147.352** | **146.043** |

## Движење на рестриктивните фондови

| во илјади денари | Состојба на 01.01.2017 | Примени средства | Вкупно потрошено | Состојба на 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|
| **Херман Гмајнер фонд** | - | - | - | - |
| Локација 1 | - | - | - | - |
| СОС Детско село Скопје | - | - | - | |
| **Вкупно** | - | - | - | - |
| Прајд програма | 2.689 | - | 2.410 | **279** |
| ХГФД-БМЗ | 3.220 | 12.330 | 11.927 | **3.623** |
| АКЕЛИУС | 9 | 18.453 | 18.462 | - |
| Државни грантови | 20 | 227 | 224 | **23** |
| Останати | 4.145 | 4.688 | 7.725 | **1.108** |
| **Вкупно рестриктивни фондови** | **10.083** | **35.698** | **40.748** | **5.033** |

| во илјади денари | Состојба на 01.01.2016 | Примени средства | Вкупно потрошено | Состојба на 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|
| **Херман Гмајнер фонд** | - | - | - | - |
| Локација 1 | - | - | - | - |
| СОС Детско село Скопје | - | - | - | |
| **Вкупно** | - | - | - | - |
| Прајд програма | 971 | 5.779 | 4.061 | **2.689** |
| ХГФД-БМЗ | 1.020 | 18.090 | 15.890 | **3.220** |
| АКЕЛИУС | - | 10.774 | 10.765 | **9** |
| Државни грантови | (10) | 60 | 30 | **20** |
| Останати | 5.060 | 18.424 | 19.339 | **4.145** |
| **Вкупно рестриктивни фондови** | **7.041** | **53.127** | **50.085** | **10.083** |

# Извештај за паричните текови

| Парични текови од оперативни активности | Белешки | 31.12.2017 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|
| **Добивка по оданочување** | | 23.168 | 18.870 |
| Корекции за: | | | |
| **Добивка по оданочување од претходни години** | | (18.958) | (39.887) |
| Зголемување на акумулираните фондови (капиталот) | | 6.432 | 18.285 |
| **Оперативен вишок пред промени во капиталот** | | **10.642** | **(2.732)** |
| *Зголемување/намалување на побарувањата* | *2.5* | *971* | *(761)* |
| Побарувања од купувачите | | 147 | 167 |
| Останати побарувања од деца згрижени во СОС | | - | 34 |
| Останати краткорочни побарувања | | 824 | (962) |
| *Однапред платени трошоци/Одложени трошоци* | | *46* | *(46)* |
| Одложени трошоци | | - | - |
| Претплата на даноци | 2.7 | 46 | (46) |
| Зголемување на залихите | 2.4 | (56) | (106) |
| *Зголемување/Намалување на обврските* | | *(3.308)* | *2.484* |
| Обврски за парични средства на децата во СОС | 2.8 | (538) | 582 |
| Обврски кон добавувачите | 2.10 | 1.019 | (308) |
| Останати обврски | 2.10 | 760 | (117) |
| Обврски за даноци | 2.10.1 | 409 | (386) |
| Обврски кон вработените | 2.10.2 | - | - |
| Одложени приходи | 2.11 | 92 | (329) |
| Обврски за рестриктивни фондови | 4.2 | (5.050) | 3.042 |
| **Парични средства од оперативни активности** | | **8.295** | **(1.161)** |
| Платени камати | | - | - |
| Платени даноци | | - | - |
| **Нето парични средства од оперативни активности** | | **8.295** | **(1.161)** |
| | | | |
| **Парични приливи/одливи од инвестициски активности** | | | |
| Набавка на земјиште, згради и опрема | 2.2 | (6.083) | (17.960) |
| Набавка на нематеријални средства | 2.1 | (294) | (219) |
| **Нето парични средства за инвестициски активности** | | **(6.377)** | **(18.179)** |
| | | | |
| **Парични приливи/одливи од финансиски активности** | | | |
| Парични приливи од долгорочни позајмици | 2.9 | - | - |
| **Нето парични средства од финансиски активности** | | - | - |
| | | | |
| **Вкупно парични приливи/одливи** | | **1.918** | **(19.340)** |
| | | | |
| **Нето промени на пари и парични еквиваленти** | | **1.918** | **(19.340)** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на периодот** | 2.6 | **35.528** | **54.868** |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на периодот** | 2.6 | **37.446** | **35.528** |

# Белешки кон финансиските извештаи

## ГЕНЕРАЛНИ ИНФОРМАЦИИ

СОС Детско Село Македонија (во понатамошниот текст „Ентитетот“) е непрофитна организација со регистарски број 5521734, регистрирана на 09 Мај 2000, во Скопје, Република Македонија на иницијатива на SOS Kinderdorf International. Одлуката за формирање 10-1929/2 е издадена од Министерството за правда на 30 Март 2001 година.

Ентитетот е невладина организација за социјален развој која е посветена на правата на децата и е активна на полето на правата на децата. Социјалните активности се однесуваат на децата без родителска грижа и за тие деца кои живеат во тешки услови. Главна цел на овие активности е да се почитуваат, промовираат и да се прифатат правата на децата.

**Адресата на СОС Детско Село Македонија е:**
Димитрије Туцовиќ, 25
1000 Скопје
Република Македонија

**Ентитетот е репрезентиран од:**
Јулијана Накова Гапо - Директор на Здружение „СОС Детско село Македонија“
Александра Ивановски - Директор на приватна установа „СОС Детско Село Скопје“

**Членови на Управен одбор се:**

- Зорица Серафимовска- Арсовска
- Дамир Чориќ
- Иван Двојаков
- Александар Трајковски
- Славица Спирковска
- Емилија Трајковиќ- Христова
- Том Малвет

На 31.12.2017 и 2016 година, Ентитетот се состои од следниве објекти, програми и проекти:

| 31.12.2017 | 31.12.2016 |
|---|---|
| • Програма за згрижувачки семејства | • Програма за згрижувачки семејства |
| • Младинска програма Радишани; | • Младинска програма Радишани; |
| • Младинска програма Бардовци; | • Младинска програма Бардовци; |
| • Програма за полунезависно живеење; | • Програма за полунезависно живеење; |
| • Програма за застапување; | • Програма за застапување; |
| • Програма за информатичка технологија; | • Програма за информатичка технологија; |
| • Програма за собирање средства (fund raising) | • Програма за собирање средства (fund raising) |
| • Советодавен центар Гази Баба; | • Советодавен центар Гази Баба; |
| • Советодавен центар Шуто Оризари; | • Советодавен центар Шуто Оризари; |

**Генерални информации (продолжува)**

| | |
|---|---|
| • Национална канцеларија | • Национална канцеларија |
| • Проект Социјална Инклузија и економско зајакнување на млади во општина Гази Баба | • Проект Социјална Инклузија и економско зајакнување на млади во општина Гази Баба |
| • Проект Преку социјални договори до одржливост | • Проект Преку социјални договори до одржливост |
| • Проект Прајд | • Проект Прајд |
| • Проект Интервентна поддршка на бегалци | • Проект Интервентна поддршка на бегалци |

# 1 Основа за подготовка на финансиските извештаи

## 1.1 Општо

Сите сметководствени трансакции се регистрираат согласно националните закони (Законот за сметководство за непрофитни организации - Службен весник на РМ број 24/03, 20/05, 80/05, 17/11 и 154/15; Правилник за сметководство за непрофитни организации – Службен весник на РМ број 42/03, 08/09 и 175/11; Правилник за сметковен план и билансите на непрофитните организации – Службен весник на РМ број 117/05 и 11/06; Правилник за содржината на одделните сметки во Сметковниот план на непрофитните организации – Службен весник на РМ број 117/05 и други), Законот за данок од добивка, Законот за персонален данок на доход и Законот за данок на додадена вредност. Сите сметководствени трансакции истовремено се во согласност со сметководствените стандарди кои произлегуваат од Финансискиот прирачник на СОС Киндердорф Интернационал, како и согласно прирачникот за книжење и сметковниот план на СОС Киндердорф Интернационал.

Доколку постои контрадикторност помеѓу локалните и сметководствените стандарди на СОС Киндердорф, секогаш предност имаат локалните закони кои ја регулираат оваа проблематика.

Сите трансакции се регистрираат согласно законот за непрофитни организации врз основа на готовинска-модифицирана основа: финансиските трансакции се евидентираат само кога е добиена готовина или кога е потрошена готовина. Оваа основа во сметководството има клучно влијание врз презентацијата на финансиските извештаи на организацијата.

## 1.2 Промени во курсевите на девизите – курсни разлики

Трансакциите изразени во странска валута се вршат според девизниот курс на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските кои се изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Курсирање т.е. сведување на девизните средства, обврските и побарувањата кои се изразени во девизни износи во книговодството, на средниот курс на Народна Банка на Р.Македонија, се врши најмалку еднаш во три месеци, а задолжително на крајот на календарската година со 31 декември.

Добивките и загубите кои ќе произлезат од курсните разлики се опфатени во Билансот на успех како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

Забележани се следниве курсеви на ЕУР и УСД на 31.12.2017 и 2016 година, според официјално објавените информации на НБРМ:

| | 31.12.2017/мкд | 31.12.2016/мкд |
|---|---|---|
| EUR | 61.49 | 61.48 |
| USD | 51.27 | 58.33 |

# 2 Белешки кон Билансот на состојба

## 2.1 Нематеријални средства

Нематеријалното средство почетно се мери според набавната вредност.

Набавната вредност на нематеријалното средство ја опфаќа фактурната вредност, вклучувајќи ги сите увозни давачки и неповратни даноци при купувањето и секој издаток кој директно се припишува на подготвување на средството за неговата наменета употреба. На сметките од нематеријалните средства се опфаќаат основачките издатоци, издатоците за истражување и развој, патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра, останатиот нематеријален имот и ревалоризацијата на нематеријалните средства.

Евиденцијата на набавката на нематеријалните средства се врши на товар на **Деловниот фонд,** а во полза на поединечните сметки на кои се искажува набавната вредност на овие средства и истовремено на трошковните сметки на кои се искажува Набавката на нематеријалното средство.

За пресметка на амортизацијата се користи праволинискиот метод на амортизација кој резултира во константен расход за амортизација во текот на корисниот век на употреба на средството.

Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откако тие средства се спремни за употреба.

За таа цел се користат годишни амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација за непрофитните организации.

- 20% годишна амортизациона стапка се користи при пресметка на амортизацијата за компјутерски софтвери
- 20% годишна амортизациона стапка се користи при пресметка на амортизацијата на лиценци.

| Нематеријални средства | Лиценци и тантиеми | Останато | 31.12.2017 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|
| **Трошок** | | | | |
| На 01.01. | 818 | 1.319 | 2.137 | 1.918 |
| Набавки | 31 | 263 | 294 | 219 |
| **На 31.12.** | 849 | 1.582 | 2.431 | 2.137 |
| **Амортизација и отписи** | | | | |
| На 01.01. | (583) | (242) | (825) | (461) |
| Амортизација | (3) | (370) | (373) | (364) |
| Ревалоризација | - | 13 | 13 | - |
| Загуби поради штети | - | - | - | - |
| Отписи | - | - | - | - |
| **На 31.12.** | (586) | (599) | (1.185) | (825) |
| **Нето вредност** | | | | |
| На 01.01. | **235** | **1.077** | **1.312** | **1.457** |
| **На 31.12.** | **263** | **983** | **1.246** | **1.312** |

## 2.2 Земјиште, згради, опрема

Материјалното средство почетно се мери според набавната вредност.

Набавната вредност на материјалното средство ја опфаќа фактурната вредност, вклучувајќи ги сите увозни давачки и неповратни даноци при купувањето и секој издаток кој директно се припишува на подготвување на средството за неговата наменета употреба.

Евиденцијата на набавката на материјалните средства се врши на товар на **Деловниот фонд,** а во полза на поединечните сметки на кои се искажува набавната вредност на овие средства и истовремено на трошковните сметки на кои се искажува Набавката на материјалното средство.

Материјалните средства се амортизираат според пропорционална метода и според проценетиот век на употреба на средството.

За материјалните средства основица за амортизација е набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое материјално вложување според стапките на амортизација пропишани со номенклатурата на средствата за амортизација, се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

Следниве стапки се применуваат за амортизација на материјалните средства, а согласно Номенклатурата на средствата за амортизација за непрофитните организации:

- 1% годишна амортизациона стапка за згради;
- 20% годишна амортизациона стапка за компјутери, печатачи, фотокопир машини;
- 14% годишна амортизациона стапка за телефонски апарати, телефакси, алат, графоскоп, проектори, музички апарати, телевизиски приемници;
- 15% годишна амортизациона стапка за патнички автомобили;
- 25% годишна амортизациона стапка за џипови и комби возила;
- 16% годишна амортизациона стапка за сефови и каси, клима уреди;
- 12% годишна амортизациона стапка за слики и други предмети за украсување, гасни котли, теписи, опрема за чистење и одржување на простории;
- 12% годишна амортизациона стапка за канцелариски и друг мебел;
- останати неспоменати долгорочни средства 10%.

Основицата за отпис се коригира за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично.

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјади денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Билансот на состојба (продолжува)**

### Земјиште, згради, опрема (продолжува)

Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откако тие средства почнале да се користат за вршење на дејност.

Евиденцијата во книговодството се спроведува на поединечните аналитички конта на кои се искажува исправката на вредноста на средствата, а на товар на Деловниот фонд. Коефициентот на ревалоризација за 2017 беше позитивен поради што Ентитетот пресмета ревалоризација на материјалните средства.

| Земјиште, згради, опрема | Земјиште | Згради | Мебел | Опрема | Возила | Градба | 31.12.2017 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| На 01.01. | - | **118.844** | **2.682** | **12.454** | **8.722** | - | **142.702** | **124.742** |
| Набавки | - | 5.000 | 116 | 967 | - | - | 6.083 | 17.960 |
| Отписи | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Трансфер од/кон инвестициски средства | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **На 31.12.** | - | **123.844** | **2.798** | **13.421** | **8.722** | - | **148.785** | **142.702** |
| **Амортизација и отписи** | | | | | | | | |
| На 01.01. | - | **(14.516)** | **(2.225)** | **(6.357)** | **(4.247)** | - | **(27.345)** | **(23.847)** |
| Амортизација | - | (1.128) | (229) | (1.506) | (949) | - | (3.812) | (3.498) |
| Корекција на амортизација | - | (1.746) | - | - | - | - | (1.746) | - |
| Пренесена амортизација од набавки | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Загуби поради штети | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Отписи | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Ревалоризација | - | 1.515 | 3 | 68 | 49 | - | 1.635 | - |
| **На 31.12.** | - | **(15.875)** | **(2.451)** | **(7.795)** | **(5.147)** | - | **(31.268)** | **(27.345)** |
| Нето вредност | | | | | | | | |
| На 01.01. | - | **104.328** | **457** | **6.097** | **4.475** | - | **115.357** | **100.895** |
| **На 31.12.** | - | **107.969** | **347** | **5.626** | **3.575** | - | **117.517** | **115.357** |

Детален преглед на земјиште и згради е даден во Анекс 1 кон овие финансиски извештаи.

## 2.3 Инвестициски средства

Со состојба на 31.12.2017 и 2016 година, Ентитетот нема вложувања во инвестициски средства.

## 2.4 Залиха на стоки

Залихите ги опфаќаат: залихи на новогодишни честитки или други производи наменети за дополнување на приходот на организацијата согласно предвидениот буџет, изработени рачни производи за продажба и сл.

Залихите на горенаведените производи се евидентираат според набавната вредност. Набавната вредност е составена од трошоците за печатење, дизајн, каталози за нарачки и пликови за пакување на новогодишни честитки.

Набавната вредност на Новогодишните честитки за 2017 година е пресметана на следниов начин:

| Дата на набавка | Опис | Износ во мкд |
|---|---|---|
| ное.17 | Дизајн за честитки | 69.590 |
| ное.17 | Пликови за честитки | 16.018 |
| ное.17 | Останато | 17.024 |
| ное.-дек. 2017 | Печатење и лого: 8.000 парчиња | 139.263 |
| | ДДВ во горенаведените набавки | 33.262 |
| | Набавна вредност ( без ДДВ): | 208.633 |
| | Печатена количина: | 8.000 |
| | Цена по честитка (без ДДВ): | 26,08 |

Набавната вредност на Новогодишните честитки за 2016 година е пресметана на следниов начин:

| Дата на набавка | Опис | Износ во мкд |
|---|---|---|
| ное.16 | Дизајн за честитки | 59.944 |
| ное.16 | Пликови за честитки | 24.000 |
| ное.16 | Останато | 17.104 |
| ное.-дек. 2016 | Печатење и лого: 37.500 парчиња | 231.841 |
| | ДДВ во горенаведените набавки | 49.255 |
| | Набавна вредност (без ДДВ): | 283.634 |
| | Печатена количина: | 37.500 |
| | Цена по честитка (без ДДВ): | 7,56 |

| **Залихи** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Производи за консумирање | - | - |
| Материјали | - | - |
| Производство во тек | - | - |
| Готови производи, Стоки | 476 | 420 |
| **Вкупно** | **476** | **420** |

## 2.5 Побарувања од купувачи и останати побарувања

| **Побарувања** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Деца згрижени во СОС | - | - |
| Вработени во СОС | - | - |
| Побарувања од купувачи | 389 | 536 |
| Останати краткорочни побарувања | 451 | 1.275 |
| Останати побарувања | - | - |
| **Вкупно** | **840** | **1.811** |

Побарувањата во белешката 2.5 се составени од побарувања од купувачите за продадени Новогодишни честитки од 389 илјади денари, побарувања за дадени депозити и аванси од 451 илјади денари.

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјади денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Билансот на состојба (продолжува)**

## 2.6 Пари и парични еквиваленти

| **Пари и парични еквиваленти** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Банкарски сметки | 32.254 | 29.751 |
| Депозитна сметка за парични средства за децата во СОС (белешка 2.8) | 5.158 | 5.696 |
| Благајна | 34 | 81 |
| **Вкупно** | **37.446** | **35.528** |

## 2.7 Претплата за даноци

| **Претплата за даноци** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Даноци | 15 | 61 |
| **Вкупно** | **15** | **61** |

## 2.8 Средства во доверба

| **Средства во доверба** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Состојба на 01.01. | 5.696 | 5.114 |
| Примени средства во текот на годината | 430 | 658 |
| Распределени средства во текот на годината | (285) | (398) |
| Курсни разлики | (683) | 304 |
| Камати | - | 18 |
| Банкарска провизија | - | - |
| **Состојба на 31.12.** | **5.158** | **5.696** |

Износот од 5.158 илјади денари претставува износ на парични средства за децата сместени во СОС Детско село Македонија, добиени преку спонзорската канцеларија во Виена заклучно со 31.12.2017 година. Средствата се наоѓаат на посебна сметка во Капитал Банка АД Скопје.

## 2.9 Долгорочни резервирања

| **Долгорочни резервирања** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Пензиски фондови | - | - |
| Фонд за технолошки вишок | - | - |
| Останати фондови | - | - |
| **Состојба на 31.12.** | **-** | **-** |

## 2.10 Обврски кон добавувачи и останати краткорочни обврски

| **Тековни обврски** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Добавувачи СОС | 38 | - |
| Обврски кон добавувачи | 1.654 | 673 |
| Останати краткорочни обврски | 2.542 | 1.783 |
| **Состојба на 31.12.** | **4.234** | **2.456** |

### 2.10.1 Обврски за даноци

| **Обврски за даноци** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Даноци | 624 | 214 |
| Социјални придонеси | - | - |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | **624** | **214** |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјади денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Билансот на состојба (продолжува)**

2.10.2 Обврски кон вработените

| **Обврски кон вработените** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** |

2.11 Одложени приходи

| **Одложени приходи** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Одложени приходи (Пасивни временски разграничувања) | 172 | 80 |
| **Вкупно** | **172** | **80** |

## 3 Белешки кон Извештајот за Финансиските Активности

### Сметководствена политика на трошоци

При утврдување на трошоците се применува начелото на модифицирано настанување, што значи дека се признаваат расходите во пресметковниот период во кој настанале ако се платени до 31.12. или најдоцна до 31ви јануари наредната година под услов расходите да се однесуваат на тековната година. Трошоците кои не се платени до 31ви јануари наредната година, а се однесуваат на претходната година се евидентираат преку сметката Други активни временски разграничувања.

Трошоците се поделени на Тековни трошоци на работењето, Трошоци на персоналот и Административни трошоци.

### Сметководствена политика на приходи

Приходите во Националното здружение како непрофитна организација се евидентираат согласно законот за сметководство за непрофитни организации на следниов начин: како приход се смета само оној дел од фактурираната реализација кој е наплатен до 31.01. наредната година. Останатиот пресметан дел од фактурираната реализација се смета дека е одложен приход и преминува на сметката за пасивни временски разграничувања. Откако ќе се наплати фактурата, наплатениот износ се третира како приход, а за истиот износ се намалува сметката на пасивните временски разграничувања.

Приходите се поделени на приходи од државни субвенции, приходи од донации во предмети, приходи поврзани со активности за собирање средства (Fund Raising), приходи од јавни фондови и останати приходи.

#### 3.1.1 Приходи од странство за тековни трошоци

| Приходи од странство за тековни трошоци | 31.12.2017 | | | 31.12.2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно |
| Спонзорска канцеларија Виена | 15.117 | - | 15.117 | 16.532 | - | 16.532 |
| Херман Гмајнер Фонд Германија | 41.761 | - | 41.761 | 43.137 | - | 43.137 |
| СОС Холандија | 13.531 | 2.413 | 15.944 | 2.155 | 4.060 | 6.215 |
| СОС Норвешка | 1.541 | - | 1.541 | - | - | - |
| СОС Шведска | - | 18.500 | 18.500 | - | 10.749 | 10.749 |
| СОС Италија | 1.967 | - | 1.967 | - | - | - |
| ХГФД | 1.537 | 2.961 | 4.498 | - | - | - |
| Јавен Грант Херман Гмајнер Фонд Германија | - | 11.923 | 11.923 | - | 4.005 | 4.005 |
| Јавен Грант СОС Шведска | - | - | - | 1.538 | - | 1.538 |
| **Вкупно** | **75.454** | **35.797** | **111.251** | **63.362** | **18.814** | **82.176** |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјада денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Извештајот за Финансиските Активности (продолжува)**

### 3.1.2 Приходи од странство за градба

| Приходи од странство за градба | 31.12.2017 | | | 31.12.2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нерестрик-тивни | Рестрик-тивни | Вкупно | Нерестрик-тивни | Рестрик-тивни | Вкупно |
| Херман Гмајнер Фонд Германија | - | - | - | - | 11.868 | 11.868 |
| СОС Киндердорф | - | - | - | - | - | - |
| СОС Холандија | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** | **-** | **-** | **11.868** | **11.868** |

Приходите од странство за градба вотекот на 2016 година, во износ од 11.868 илјади денари се однесуваат на приходи од Херман Гмајнер Фонд Германија за имплементација на проектот Социјална инклузија и економско зајакнување на млади и млади брачни парови.во ризик преку мерки за генерирање приходи во Гази Баба, Скопје.

Почетно донацијата која е со рестриктивен карактер се признава во делот на рестриктивни фондови во износ на пристигнатиот прилив. Приходите од донации се признаваат како рестриктивни приходи на крајот на секој период на известување во износ на направените трошоци на сметка на рестриктивните фондови.

Со оглед на тоа што градбата на објектот за имплементација на проектот Социјална инклузија и економско зајакнување на млади и млади брачни парови.во ризик преку мерки за генерирање приходи во Гази Баба, Скопје е затворена на 31 декември 2016 година сите приходи од странство во текот 2017 година, во износ од 11.923 илјади денари по основ на довршување на овој објект се префрлени како приходи од странство за тековни трошоци (Белешка 3.1.1).

### 3.2 Локални приходи од собирање парични средства (fund raising)

| Локални приходи од парични средства | 31.12.2017 | | | 31.12.2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно |
| Донации од лица-повремени | 939 | - | 939 | 680 | - | 680 |
| Големи и средни донации од лица | - | - | - | 308 | - | 308 |
| Спонзорства од лица | - | - | - | - | - | - |
| Останати редовни донации од лица | - | - | - | - | - | - |
| Филантропски донации | - | - | - | - | - | - |
| Донации од маркетинг активности | 43 | - | 43 | - | - | - |
| Донации од компании | 1.581 | - | 1.581 | 555 | - | 555 |
| Тестаменти | - | - | - | - | - | - |
| Филантропски фондации | - | - | - | - | - | - |
| Настани | 798 | - | 798 | 1.268 | - | 1.268 |
| Продажба на производи/стоки | 1.059 | - | 1.059 | 1.237 | - | 1.237 |
| Донации во предмети-од лица | - | - | - | 561 | - | 561 |
| Донации во предмети-од компании | - | - | - | 2.554 | - | 2.554 |
| Директни донации од странство | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **4.420** | **-** | **4.420** | **7.163** | **-** | **7.163** |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјада денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Извештајот за Финансиските Активности (продолжува)**

## 3.3 Локални приходи од државни субвенции и грантови

| Локални приходи од државни субвенции и грантови | | **31.12.2017** | | | **31.12.2016** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно |
| Државни субвенции | 3.126 | - | 3.126 | 3.623 | - | 3.623 |
| Донации во предмети од јавни извори | - | - | - | 1.085 | - | 1.085 |
| Грантови | - | 7.955 | 7.955 | 133 | 19.789 | 19.922 |
| **Вкупно** | **3.126** | **7.955** | **11.081** | **4.841** | **19.789** | **24.630** |

## 3.4 Локални приходи од оперативни активности

| Локални приходи од оперативни активности | | **31.12.2017** | | | **31.12.2016** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно |
| Школарини од Херман Гмајнер училишта | - | - | - | - | - | - |
| Провизии од Херман Гмајнер градинки | - | - | - | - | - | - |
| Провизии од останати СОС објекти | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |

## 3.5 Останати локални приходи

| Останати локални приходи | | **31.12.2017** | | | **31.12.2016** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно | Нерес-триктивни | Рестрик-тивни | Вкупно |
| Продажба на средства | - | - | - | - | - | - |
| Закупнини | - | - | - | - | - | - |
| Поврат на ДДВ | - | - | - | - | - | - |
| Неспоменати приходи | 658 | - | 658 | 444 | - | 444 |
| **Вкупно** | **658** | **-** | **658** | **444** | **-** | **444** |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјада денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Извештајот за Финансиските Активности (продолжува)**

3.6 Програмски/проектни трошоци

| Програмски/проектни трошоци | Тековни трошоци и набавки | Трошоци на персоналот | Администра-тивни трошоци | **Вкупно 2017** | **Вкупно 2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| Локација 1 Долгорочни програми базирани на семејна грижа | | | | | |
| СОС Детско село Скопје | 10.187 | 18.704 | 1.106 | 29.997 | 26.540 |
| СОС Младинска заедница Радишани | 3.337 | 4.011 | 137 | 7.485 | 7.638 |
| СОС Младинска заедница Бардовци | 3.847 | 3.781 | 129 | 7.757 | 8.405 |
| Програма за полунезависно живеење | 1.257 | - | 7 | 1.264 | 1.299 |
| Вкупно | 18.628 | 26.496 | 1.379 | 46.503 | 43.882 |
| Советодавни центри | | | | | |
| Гази Баба | 813 | 1.881 | 277 | 2.971 | 3.207 |
| Шуто Оризари | 1.274 | 1.609 | 74 | 2.957 | 2.497 |
| Интервенирано семејство | 18 | 207 | - | 225 | |
| БМЗ | 6.466 | 4.855 | 574 | 11.895 | 15.794 |
| Вкупно | 8.571 | 8.552 | 925 | 18.048 | 21.498 |
| Програми за интер.подршка | | | | | - |
| Програми за интер.подршка | 9.187 | 22.070 | 3.132 | 34.389 | 58.256 |
| Вкупно | 9.187 | 22.070 | 3.132 | 34.389 | 58.256 |
| **Вкупно за локација 1** | **36.386** | **57.118** | **5.436** | **98.840** | **123.636** |
| Од рестриктивни фондови | 12.911 | 19.609 | 2.361 | 34.881 | 27.001 |
| Од нерестриктивни фондови | 23.475 | 37.509 | 3.075 | 64.059 | 96.635 |
| **Вкупно трошоци** | **36.386** | **57.118** | **5.436** | **98.940** | **123.636** |

3.7 Административни трошоци

| **Административни трошоци** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Тековни трошоци и инвестиции од нерестриктивни фондови | 2.904 | 3.037 |
| *Тековни трошоци и инвестиции од рестриктивни фондови* | 911 | 1.979 |
| Трошоци на персоналот од нерестриктивни фондови | 10.341 | 9.336 |
| *Трошоци на персоналот од рестриктивни фондови* | 993 | 2.502 |
| Административни трошоци од нерестриктивни фондови | 1.563 | 1.100 |
| *Административни трошоци од рестриктивни фондови* | 4.127 | 3.131 |
| **Вкупно од рестриктивни фондови** | **6.031** | **7.612** |
| **Вкупно од нерестриктивни фондови** | **14.808** | **13.473** |
| **Вкупно** | **20.839** | **21.085** |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година**
**(Сите износи се изразени во илјада денари освен доколку не е поинаку наведено)**

**Белешки кон Извештајот за Финансиските Активности (продолжува)**

### 3.8 Трошоци за собирање средства (fund raising)

| Трошоци за собирање средства (fund raising) | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Трошоци за активностите за собирање парични средства | 553 | 733 |
| Тековни трошоци | 413 | 21 |
| Трошоци на персоналот | 1.342 | 768 |
| Административни трошоци | 55 | 14 |
| **Вкупно** | **2.363** | **1.536** |

### 3.9 Останати трошоци

| **Други трошоци** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Амортизација | - | - |
| Отписи на имот и опрема | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** |

### 3.10 Финансиски приходи и трошоци

| Финансиски приходи и трошоци | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Банкарска камата | 3 | 3 |
| Банкарска провизија | (415) | (391) |
| Камата на позајмици | - | - |
| Курсни разлики | (211) | (221) |
| **Вкупно** | **(623)** | **(609)** |

### 3.11 Даночен расход

Тековниот даночен расход, по стапка од 10%, се пресметува на вишокот на приходи над расходи за периодот кој се утврдува како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи зголемена за непризнаените расходи за даночни цели, коригирани за даночниот кредит и на помалку искажани приходи. Доколку се работи за приходи остварени по основ на средства од донации, спонзорства, грантови, членарини, како и средства добиени од Буџетот на РМ и буџетот на општините, дадени со цел реализирање на одредени програми и цели утврдени согласно статутот и програмата за работа, истите не се предмет на оданочување за данок на добивка.

| Даноци | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Данок од добивка на тековни активности | 435 | 432 |
| Данок на добиени грантови | **-** | **-** |
| **Вкупно** | **435** | **432** |

Усогласувањето на даночниот расход според извештајот за финансиските активности е како што следи:

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Ефект на непризнаени трошоци за даночни цели 10% (2016:10%) | 4.345 | 4.319 |
| | **4.345** | **4.319** |

## 4 Потенцијални и преземени обврски

*Даночни обврски*

Даночните книги и евиденцијата на СОС Детско село, Македонија за годината што завршува на 31 декември 2017 година не биле целосно контролирани од страна на локалните даночни власти. Според тоа, даночните обврски на Ентитетот не може да се сметаат за конечни. Дополнителните даночни обврски кои би произлегле од прегледот од страна на даночните власти во овој момент не може да се одредат со разумна точност.

*Судски спорови*

Со состојба на 31 декември 2017 година, нема правни постапки покренати против Ентитетот. Дополнително, разни правни дејствија и побарувања може да се појават во иднина против Ентитетот од правните спорови и побарувања кои може да се јават во текот на редовното деловно работење. Поврзаните ризици се анализираат според веројатноста да се појават. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Ентитетот верува дека нема да резултираат во материјално значајни обврски.

*Капитални обврски*

Не се евидентирани капитални обврски на денот на билансирање кои не се веќе признати во финансиските извештаи.

## 5 Настани по датумот на известувањето

По 31 декември 2017 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

# Анекс 1 - преглед на основни средства на 31.12.2017 - земјиште и згради

Grant Thornton

www.grant-thornton.com.mk